Во членот 5 во уводната реченица бројот: „250" се заменува со бројот: „263,75".

Во точката 1 бројот: „137,5" се заменува со бројот: „162,5".

Точ. 2 и 3 се бришат.

Во точката 6 бројот: „50,0" се заменува со бројот: „67,75".

Член 5

По членот 5 се додава нов член 5а, кој гласи:

„Член 5а

Југословенската инвестициона банка може, во рамките на средствата од членот 4 точка 1 и членот 5 точка 1 на овој закон, да го употреби износот до 5,0 милиони динари за плаќање на увозот на опрема во готово и за плаќање во врска со увозот на опрема на кредит (аванси и меѓуплаќања), а до износот од 32,5 милиони динари да создава обврски во странство во врска со увозот на опрема на кредит, и тоа за опрема што се увезува за продажба на домашниот пазар заради користење на наплатената противвредност во динари за давање инвестициони кредити за изградба на објектите од членот 1 став 1 точка 1 на овој закон, за кои Сојузниот извршен совет донесол одлука за комплетно странско финансирање, ако за таков увоз е склучен договор со странски испорачувач до крајот на 1966 година."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**561.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОНИСКИ ИНТЕРЕСНИ СТОПИ И ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ИНТЕРЕСОТ И ДОДАТЕН ИНТЕРЕС НА ОПРЕДЕЛЕНИТЕ КРЕДИТИ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за определување пониски интересни стопи и за давање надоместок на интересот и додатен интерес на определените кредити на товар на средствата на федерацијата, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 11 јули 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор од 10 октомври 1967 година.

П. Р. бр. 599
11 октомври 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОНИСКИ ИНТЕРЕСНИ СТОПИ И ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ИНТЕРЕСОТ И ДОДАТЕН ИНТЕРЕС НА ОПРЕДЕЛЕНИТЕ КРЕДИТИ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за определување пониски интересни стопи и за давање надоместок на интересот и додатен интерес на определените кредити на товар на средствата на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66 и 17/67), во членот 2 став 2 на крајот, се додава запирка и зборовите: „како и кога даваат кредити на термоелектрани и на железнички транспортни претпријатија за обезбедување залихи на јаглен за потреби подолги од два месеца".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

562.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА НОСИТЕЛИТЕ НА „ПАРТИЗАНСКА СПОМЕНИЦА 1941"

Се прогласува Законот за измена на Законот за правата на носителите на „Партизанска споменица 1941", што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 12 октомври 1967 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 13 октомври 1967 година.

ПР бр. 604
14 октомври 1967 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА НОСИТЕЛИТЕ НА „ПАРТИЗАНСКА СПОМЕНИЦА 1941"

Член 1

Во Законот за правата на носителите на „Партизанска споменица 1941" („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/56 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 56/65 и 23/67) во членот 6 став 2 по зборовите: „собранието" зборот: „комуналната" се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

563.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 12 октомври 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор од 10 октомври 1967 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД СТОПАНСКИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА 1967 ГОДИНА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА И НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

1. Од средствата на стопанските резерви на федерацијата што се формираат според членот 15 став 1 од Законот за насочување користењето на средствата на работните организации, општествените фондови и другите корисници на општествените средства во 1967 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66), во сојузниот буџет се внесуваат 20 милиони динари за зголемување на општите дополнителни средства на социјалистичките републики за 1967 година, и тоа:

1) на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина во износ од 12 милиони динари;

2) на Социјалистичка Република Србија за Автономна Покраина Косово и Метохија во износ од 8 милиони динари.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 886
13 октомври 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

Претседател
на Стопанскиот собор,
**Петар Зечевиќ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Видое Смилевски,** с. р

564.

Врз основа на членот 177 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во врска со членот 169г став 1 од Царинскиот закон, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 12 октомври 1967 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 13 октомври 1967 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕТСМЕТКАТА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ПОСЕБНАТА СМЕТКА НА СОЈУЗНАТА УПРАВА ЗА ЦАРИНИ ЗА 1967 ГОДИНА

На претсметката на приходите и расходите на посебната сметка на Сојузната управа за царини за 1967 година, со вкупно планираните приходи од 15,589.668,74 Н. динари, со вкупно планираните расходи од 15,163.243,00 Н. динари и со резервата од 426.425,74 Н. динари — се дава согласност.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 880
14 октомври 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р

Претседател
на Организационо-политичкиот собор,
**Велимир Стојниќ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Видое Смилевски,** с. р.

565.

Врз основа на членот 193 став 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и точката 3 од Уставниот Амандман I, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 12 октомври 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 12 октомври 1967 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

1. Се разрешува од должноста генерален секретар на Сојузната скупштина др Дражен Сесардиќ кој, поради одење на друга должност, поднесе оставка.

2. За генерален секретар на Сојузната скупштина се именува Стјепан Фунарић, досегашен секретар на Сојузниот собор на Сојузната скупштина

**Сојузна скупштина**

АС бр. 887/5
12 октомври 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина.
**Милентие Поповиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Вида Томшич**, с. р

Претседател
на Соіузниот собор,
**Видое Смилевски**, с. р

**566.**

Врз основа на членот 74 став 2 од Деловникот на Сојузната скупштина, Сојузниот собор на Сојузната скупштина, на седницата од 12 октомври 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ

1. Се разрешува од должноста секретар на Сојузниот собор на Сојузната скупштина Стјепан Фунарић, поради одење на друга должност.

2. За секретар на Сојузниот собор на Сојузната скупштина се именува Миќун Јауковиќ, досегашен секретар на Одборот за сообраќај на Сојузниот собор на Сојузната скупштина.

**Сојузен собор на Сојузната скупштина**

06 бр. 3246
13 октомври 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузниот собор
на Сојузната скупштина,
**Видое Смилевски**, с. р.

**567.**

Врз основа на членот 7 став 2 од Законот за крајбрежното море, надворешниот морски појас и епиконтиненталниот појас на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/65), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА И НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СТОПАНСТВО НА СТРАНСКИ ВОЕНИ БРОДОВИ, НА ЈАВНИ БРОДОВИ И НА РИБАРСКИ БРОДОВИ ДА МОЖАТ ДА ИМ ОДОБРУВААТ ВПЛОВУВАЊЕ ЗАРАДИ ПРЕСТОЈ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ВНАТРЕШНИ МОРСКИ ВОДИ

1. Се овластува Државниот секретаријат за народна одбрана во спогодба со Државниот секретаријат за надворешни работи на странски воени бродови да им издава одобрение за впловување заради престој во југословенските внатрешни морски води, согласно одредбите на членот 7 ст. 2 и 3 од Законот за крајбрежното море, надворешниот морски појас и епиконтиненталниот појас на Југославија.

2. Се овластува Сојузниот секретаријат за стопанство во спогодба со Сојузниот секретаријат за внатрешни работи на странски јавни бродови и на странски рибарски бродови да им издава одобренија за впловување заради престој во југословенските внатрешни морски води, согласно одредбата на членот 7 став 2 од Законот за крајбрежното море, надворешниот морски појас и епиконтиненталниот појас на Југославија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 105
11 октомври 1967 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

**568.**

Врз основа на членот 17 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67 и 23/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПЧЕНИЦА И ПЧЕНКА

1. На индивидуалните земјоделски производители им се обезбедуваат гарантирани цени за пченица и пченка почнувајќи од родот од 1968 година, и тоа:

| | Динари за 1 kg |
|---|---|
| 1) за пченица од сортите на квалитетните групи А и В — — | 1,00 |
| 2) за пченица од сортите на квалитетна група С — — — — | 0,90 |
| 3) за пченка — — — — — | 0,63 |

2. Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во понатамошниот текст: Дирекцијата) должна е по цените и под условите од оваа одлука да ги купува сите количини пченица и пченка што индивидуалните земјоделски производители ќе и ги понудат заради купување.

Дирекцијата е должна купените количини пченица и пченка што индивидуалните земјоделски производители ќе и ги стават на располагање да ги преземе во рок од три месеци од денот на ставањето на располагање. Ако Дирекцијата во наведениот рок не ги преземе купените количини, таа е должна на индивидуалните земјоделски производители да им ги надомести складовните трошоци за непреземените количини, сметајќи од денот на истекот на рокот во кој Дирекцијата била должна да ги преземе купените количини пченица и пченка.

3. Цените од точката 1 на оваа одлука се подразбираат франко магацин на стопанските организации што Дирекцијата ги овластила за нејзина сметка да вршат откуп, и тоа за пченица и пченка што се зрели, здрави, без знаци на мувла и без туѓ вкус и мирис, употребливи за човечка исхрана односно за сточна исхрана, незаразени со житни болести и штетници и што се од следниот квалитет:

1) пченица — 76 kg хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистотија и 13% влага;

2) пченка — во зрно, со 14% влага и до 2% дефектни зрна и други примеси и до 1% кршени зрна.

4. Ако пченицата има поголема или помала хектолитарска тежина од онаа што е предвидена во точката 3 на оваа одлука, гарантираната цена се зголемува односно намалува за 0,5% за секој килограм над или под предвидената хектолитарска тежина. Дропките се земаат предвид.

Ако пченицата има помал или поголем процент уродица, нечистотија или влага од оној што е предвиден во точката 3 на оваа одлука, гарантираната цена за процентот на уродица, нечистотија или влага под или над предвидениот процент ќе се намали односно зголеми за истиот процент. Дропките се земаат предвид. Кршени зрна под една половина се сметаат во уродица.

Ако пченицата има до 25% зрна чии врвови се замачкани со гламна гарантираната цена се намалува за 2%, а ако пченицата има над 25% до 50% зрна чии врвови се замачкани со гламна гарантираната цена се намалува за 5%.

Ако пченката има поголем или помал процент влага од оној што е предвиден во точката 3 на оваа одлука, гарантираната цена за процентот на влага под или над предвидениот процент ќе се намали односно зголеми за истиот процент. Дропките се земаат предвид.

5. На пченица што има хектолитарска тежина помала од 74 kg, уродица и нечистотија повеќе од 5%, или која има повеќе од 50% зрна чии врвови се замачкани со гламна, не се применуваат одредбите од оваа одлука.

6. Дирекцијата не е должна да купува понудена пченица која има процент на влага поголем од 14% или понудена пченка која има процент на влага поголем од 14,5%.

Дирекцијата може, по исклучок, да презема пченица што има процент на влага поголем од 14% и пченка што има процент на влага поголем од 14,5%, со тоа што гарантираната цена на таква пченица односно пченка ќе и се намали и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор склучен помеѓу Дирекцијата и индивидуалниот земјоделски производител.

7. Условите за испорака и преземање на пченица и пченка се регулираат со договор склучен помеѓу Дирекцијата и индивидуалните земјоделски производители

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 106
11 октомври 1967 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак, с. р.**

---

**569.**

Врз основа на членот 13 ст. 1 и 4 од Правилникот за методот и постапката за признавање новосоздадена сорта семе од земјоделски растенија („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/66), сојузниот секретар за стопанство објавува

## ДОПОЛНЕНИЈА НА ЛИСТАТА

### НА ДОМАШНИ И ОДОМАШЕНИ СТРАНСКИ СОРТИ СЕМЕ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

1. Во Листата на домашни и одомашени странски сорти семе од земјоделски растенија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67), во точката 1 по одредбата под 25 се додаваат шест нови одредби, кои гласат:

„26) San Prospero,
27) Lontra,
28) Lucciola,
29) Frassino,
30) Frassineto,
31) Moisson;".

2. По точката 1 се додава нова точка 1а, која гласи:

„1а. Тврда пченица (Triticum durum Desf.): Montferrier;".

3. Во точката 2 по одредбата под 10 се додава нова одредба, која гласи:

„11) Senta 4-redac;".

4. Во точката 4 по одредбата под 2 се додава нова одредба, која гласи:

„3) Tetraploidna okta;".

5. Во точката 15 по одредбата под 3 се додава нова одредба, која гласи:

„4) Synalfa,".

6. Во точката 20 по одредбата под 4 се додаваат три нови одредби, кои гласат:

„5) Ferax,
6) Carax,
7) Beta rosa;".

7. Во точката 24 по одредбата под 2 се додава нова одредба, која гласи:

„Румена маслена;".

8. Во точката 28 по одредбата под 22 се додава нова одредба, која гласи:

„23) Nesthakchen;".

9. Во точката 38 по одредбата под 10 се додаваат четири нови одредби, кои гласаат:

„11) Висок кокс
12) Препеличар
13) Рибничан
14) Долга зеленка;".

10. Во точката 46 по одредбата под 9 се додава нова одредба, која гласи:

„10) Flacker;".

11. Во точката 52 по одредбата под 17 се додава нова одредба, која гласи:

„18) Бразилијанка;".

12. Во точката 61 по одредбата под 1 се додава нова одредба, која гласи:

„2) Корнбергер дробнозрнест;".

13. По точката 61 се додаваат три нови точки, кои гласат:

„62 Просо (Ponicum miliaceum L.): Корнбергер;

63. Хелда (Fagopirum esculentum Moench): Шетиловска;

64. Трева (granineac):
1) Dactylis golomerata L. Fala,
2) Lolium perrene L. Perma,
3) Lolium perrene L. Jabeljska,
4) Lolium multiflorum L. Tiara,
5) Fectusa pratensis L. Jabeljska,
6) Festuca pratensis L. Dufa,
7) Dactylis glomerata L. Jabeljska,
8) Phleum pratense L. Lofar,
9) Phleum pratense L. Jabeljska,
10) Lolium italicum L. Jabeljska,
11) Arrhenaterum elatius L. Jabeljska,
12) Festuca rubra L. Jabeljska,
13) Agrostis alba L. Jabeljska."

Бр. 9-2589/2
19 септември 1967 година
Белград

Заменик сојузен секретар
за стопанство,
**Владимир Јуричиќ, с. р.**

**570.**

Врз основа на членот 20 став 1 од Основниот закон за семето („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65), сојузниот секретар за стопанство објавува

## ДОПОЛНЕНИЈА НА СПИСОКОТ НА НОВОСОЗДАДЕНИТЕ СОРТИ СЕМЕ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

1. Во Списокот на новосоздадените сорти семе од земјоделски растенија („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/67), во точката 1 по одредбата под 8 се додаваат две нови одредби, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „9) сорта „Црвена звезда" | селекција на Институтот за земјоделски истражувања — Нови Сад, |
| 10) сорта „Купа" | селекција на Институтот за облагородување и производство на растенија на Земјоделскиот факултет на Свеучилиштето — Загреб;" |

2. Во точката 4 по одредбата под 19 се додаваат шест нови одредби, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „20) двоен хибрид „ЗП 346" | селекција на Институтот за пченка — Земун — Белград, |
| 21) двоен хибрид „ЗП 448" | селекција на Институтот за пченка — Земун — Белград, |
| 22) двоен хибрид „ЗП 416" | селекција на Институтот за пченка — Земун — Белград, |
| 23) двоен хибрид „ЗП 592" | селекција на Институтот за пченка — Земун — Белград, |
| 24) двоен хибрид „Бц 430" | селекција на Институтот за облагородување и производство на растенија на Земјоделскиот факултет на Свеучилиштето — Загреб, |
| 25) двоен хибрид „Бц 460" | селекција на Институтот за облагородување и производство на растенија на Земјоделскиот факултет на Свеучилиштето — Загреб;". |

3. По точката 18 се додава нова точка 19, која гласи: „19) шеќерна репка (Beta vulgaris var, sacchorifera Lange):

| | |
|---|---|
| 1) сорта „NS poly 1" | селекција на Институтот за земјоделски истражувања — Нови Сад, |
| 2) сорта „NS poly 2" | селекција на Институтот за земјоделски истражувања — Нови Сад, |
| 3) сорта Osijek poly 1" | селекција на Институтот за шеќерна репка — Осиек." |

Бр. 9-2589/1
19 септември 1967 година
Белград

Заменик сојузен секретар
за стопанство,
**Владимир Јуричиќ**, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Уредбата за престанок на важењето на ограничувањата на нивото на цените на комуналните услуги, на услугите на градскиот сообраќај и на станарината, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 41/67, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА НА УРЕДБАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОГРАНИЧУВАЊАТА НА НИВОТО НА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ, НА УСЛУГИТЕ НА ГРАДСКИОТ СООБРАЌАЈ И НА СТАНАРИНАТА

Во членот 1 наместо зборовите: „членот 16" треба да стои: „членот 16а".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 12 октомври 1967 година.

# УКАЗИ

Претседателот на Републиката, врз основа на членот 217 став 1 точка 3 од Уставот, на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН МИНИСТЕР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ИСЛАНД И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШТЕН МИНИСТЕР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ИСЛАНД

I

Се отповика

Стана Томашевиќ од должноста на извонреден пратеник и ополномоштен министер на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Исланд.

II

Се назначува

Илија Топалоски, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Норвешка, за извонреден пратеник и ополномоштен министер на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Исланд, со седиште во Осло.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 132
11 октомври 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 93 став 4 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67), Претседателството на Собранието, на седницата од 6 октомври 1967 година донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

За советник во Сојузната скупштина, се назначува Радован Радовиќ, досегашен секретар на Комисијата на ЦК СКЈ за историјата на Сојузот на комунистите на Југославија.

02 бр. 3200/1
7 октомври 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентие Поповиќ,** с. р.

---

Врз основа на членот 4 од Уредбата за основање Генерален комесаријат на Југословенската секција за Меѓународната изложба во Монтреал во 1967 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/55), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОМЕСАР НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОМЕСАРИЈАТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА СЕКЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНАТА ИЗЛОЖБА ВО МОНТРЕАЛ ВО 1967 ГОДИНА

Се разрешува Владимир Саичиќ од должноста на генерален комесар на Генералниот комесаријат на Југословенската секција за Меѓународната изложба во Монтреал во 1967 година, поради одење на друга должност.

Б. бр. 152
8 септември 1967 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

Врз основа на членот 4 од Уредбата за основање Генерален комесаријат на Југословенската секција за Меѓународната изложба во Монтреал во 1967 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/65), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОМЕСАР НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОМЕСАРИЈАТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА СЕКЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНАТА ИЗЛОЖБА ВО МОНТРЕАЛ ВО 1967 ГОДИНА

Се назначува Драгољуб Будимовски, помошник секретар во Секретаријатот за информации на Сојузниот извршен совет, за генерален комесар на Генералниот комесаријат на Југословенската секција за Меѓународната изложба во Монтреал во 1967 година.

Б. бр. 151
8 септември 1967 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

## УРАДНИ ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

„Урадни лист Социјалистичке Републике Словеније" во бројот 3 од 2 февруари 1967 година објавува·

**Решение** за отштетниот ценовник за надоместок на штетата нанесена на дивечот;

**Решение** на Уставниот суд на СРС за укинување на членот 12 точ. 1, 2 и 9 од Статутот на Шумскоземјоделската задруга Средња вас во Бохињ:

Општи акти на републичките самоуправни организации, и тоа:

**Заклучок** за одделни форми на здравствени услуги за кои не може да се пропише дека осигурените лица се должни да придонесуваат во трошоците за нив, како и за оние форми здравствени услуги за кои се должни комуналните заедници да пропишат задолжителен придонес на осигурените лица во трошоците;

**Заклучок** за придонесот на осигурените лица во трошоците за забно-техничка помош и забни протетични средства, за ортопедски чевли и за оделни други видови ортопедски и други помагала, санитарни справи и санитетски материјал:

**Заклучок** за условите за признавањето, користењето и губењето на заштитниот додаток;

**Заклучок** за височината на материјалното обезбедување на инвалидите на трудот во врска со правото на професионална рехабилитација поради последиците на заболување и повреда вон работата со упатувањето на професионална рехабилитација на соодветни места и за височината на надоместокот поради помал личен доход на друга работа на инвалидите на трудот со право на запослување поради последиците на заболување или поради последиците на повреда вон работата;

**Заклучок** за случаите и критериумите кога на инвалид не престанува да му се исплатува додаток за помошт и нега за време додека се наоѓа во болница или во која друга стационарна установа;

**Закључок** за завршните сметки за 1966 година на фондот на инвалидското и пензиското осигурување, на фондот на додатокот на деца и на фондот на задолжително здравствено реосигурување:

**Заклучок** за покривање на загубата на фондот на инвалидското и пензиското осигурување, утврдена според завршната сметка за 1966 година;

**Заклучок** за покривање на загубата на фондот на здравственото реосигурување утврден според завршната сметка за 1966 година.

Во бројот 4 од 9 февруари 1967 година објавува:

**Општествен план** за развој за СР Словенија во годините 1966 до 1970 година;

**Закон** за насочување средствата на СР Словенија за инвестиции во стопанството во годините 1966 до 1970 година;

**Закон** за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот:

**Одлука** за изведување анкета за животните трошоци на населението во СР Словенија;

**Заклучок** за изборот на судии на окружните судови во Цеље, Крањ, Марибор и Ново Место;

**Заклучок** за разрешување претседателот на Окружниот суд во Нова Горица;

**Заклучок** за разрешување судии на окружните судови во Крањ и Љубљана;

**Заклучок** за определување на бројот и за изборот на судии поротници на Окружниот суд во Љубљана;

**Заклучок** за именување член во Одборот за награда на Антифашистичкиот собор на народното ослободување на Југославија;

**Заклучок** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Фондот на СР Словенија за унапредување на производството и прикажувањето на филмови;

**Заклучок** за разрешување и именување претставници на општествената заедница што ги именува Собранието на СР Словенија во Советот на Вишата школа за социјални работници во Љубљана;

**Одлука** за таксите на уверенијата за здравјето на добитокот;

**Решение** за потврда на разрешувањето на помошникот на директорот на Заводот на СР Словенија за планирање;

**Упатство** за управување со средствата на посебни сметки за лекување заразни болести на добитокот при општините.

Во бројот 5 од 16 февруари 1967 година објавува:

**Решение** за именување некои нови членови на Комисијата на СР Словенија за физичка култура и за разрешувањето на член на таа комисија;

**Решение** за именување директор на водната заедница Драва—Мура во Марибор;

**Решение** за именување член на Архивскиот совет на Југославија;

**Решение** за разрешување претставник односно за именување двајца претставници на општествената заедница во Советот на работната заедница Народна галерија во Љубљана и за определување на организациите што делегираат по еден претставник на општествената заедница во Советот на работната заедница на таа галерија;

**Решение** за разрешување и именување двајца претставници на општествената заедница во Музејскиот совет на Музејот на народната револуција во Љубљана и за определување на организациите што делегираат по еден претставник на општествената заедница во Музејскиот совет на тој музеј;

**Решение** за разрешување претставник односно за именување двајца претставници на општествената заедница на Словенскиот училишен музеј во Љубљана и за определување на организациите што делегираат по еден претставник на општествената заедница во Советот на работната заедница во тој музеј.

Во бројот 6 од 24 февруари 1967 година објавува:

**Резолуција** за спроведување стопанската политика во 1967 година;

**Закон** за буџетот на СР Словенија (Републичкиот буџет) за 1967 година;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за придонесите и даноците на граѓаните;

**Закон** за измена на Законот за воведувањето и стапките на републичките придонеси, даноци и такси;

**Закон** за дополненија на Законот за републичкиот данок на промет на стоки на мало;

**Закон** за определување дополнителни средства на општините;

**Закон** за користење на средствата од додатниот данок на промет на стоки на мало во 1967 година;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за изборите на одборници на општинските и околиските собранија;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за изборите на пратеници на Собранието на СР Словенија;

**Закон** за височината на приходите на домаќинството за определување на правото на додаток на деца;

**Закон** за придонесот на СР Словенија за социјално осигурување на самостојните уметници;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за Фондот на СР Словенија за унапредување на културните дејности;

**Закон** за дополнение на Законот за реализација на побарувањата на здравствените установи за здравствена помош и други здравствени услуги;

**Закон** за престанок на Вишата школа за домаќинки во Гробља и нејзиниот интернат;

**Одлука** за програмата за финансирање на регионалното просторно планирање на СР Словенија;

**Одлука** за делумната финансиска програма за финансирањето на проектирањето на нови објекти за патишта;

**Одлука** за распределба на девизите за потребите на СР Словенија за 1967 година;

**Одлука** за распишување општи избори во општинските собранија;

**Одлука** за распишување општи избори во Собранието на СР Словенија;

**Одлука** за согласноста на измената на финансискиот план на Фондот на СР Словенија за школство за 1966 година;

**Заклучок** за задачите во меѓународната година во туризмот;

**Заклучок** за разрешување републички секретар во Извршниот совет во Собранието на СР Словенија;

**Заклучок** за определување на бројот и за изборот на судии поротници на Вишиот стопански суд во Љубљана;

**Заклучок** за разрешување и именување претставници на општествената заедница што ги именува Собранието на СР Словенија во Советот на Здружението на високошколските установи во Марибор;

**Уредба** за републичката комисија за социјално осигурување на самостојните уметници;

**Решение** на Републичката изборна комисија за именување општински изборни комисии за избор на пратеници во Собранието на СР Словенија;

Општи акти на самоуправните организации, и тоа:

**Правилник** за измена на Правилникот за остварување здравствена заштита;

